Бр: 03-105/4
Скопје: 09.06.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18)и член 5 (став 1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 09.06.2021 година го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Предизвикот за воспоставување на лаборатории за производство FAB LABS **„ МЛАДИТЕ СОЗДАВААТ“** од страна на Фондот за иновации и технолошки развој од аспект дали истиот предвидува доделување на државна помош согласно Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11). Истиот беше доставен од страна на Фондот за иновации и технолошки развој под бр. 03-105/1 на 19.05.2021 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијатана на ден 25.05.2021 година со допис бр. 03-105/2 достави до Фондот за иновации и технолошки развој барање за дополнителни информации во врска со сумата која што е предвидена да се додели согласно Предизвикот за воспоставување на лаборатории за производство FAB LABS **„МЛАДИТЕ СОЗДАВААТ“**. Ова со цел, Комисијата за заштита на конкуренцијата да може да одлучи дали станува збор за државна помош или пак за помош од мало значење согласно Законот за контрола на државната помош.

Фондот за иновации и технолошки развој на ден 27.05.2021 година со допис бр.02-709/16 од 27.05.2021 година (Наш бр.03-105/3 од 27.05.2021 година) достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата одговор на барањето за дополнителни информации. Во одговорот Фондот за иновации и технолошки развој ја информираше Комисијата за заштита на конкуренцијата дека за финансирање на проекти во рамки на овој предизвик обезбеден е вкупен буџет од 9.000.000 денари. Преку овој повик, Фондот обезбедува финансирање до 90% проценти од вкупниот буџет на проектот, во максимален износ од 4.500.000,00 денари. Преостанатите 10% проценти од вкупниот буџет за проектот треба да бидат обезбедени од апликантот (средствата добиени од Фондот по која било друга основа или која било друга државна помош, нема да се сметаат за прифатливи средства за кофинансирање од страна на натпреварувачот).

Во врска со ова, Комисијата за заштита на конкуренцијата при разгледување на Предизвикот за воспоставување на лаборатории запроизводство FAB LABS **„ МЛАДИТЕ СОЗДАВААТ“ утврди дека станува збор за помош од мало значење (de minimis)** согласно член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis)(„Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

Согласно Предизвикот за воспоставување на лабoратории запроизводство FAB LABS **„МЛАДИТЕ СОЗДАВААТ“**, целта на предизвикот за воспоставување на лаборатории за производство има за цел на младите да им овозможи просторни, материјални и технички услови за развивање на иновативни производи, услуги, процеси, активности или методологии со кои се нудат практични и општествено корисни решенија за одредени прашања или проблеми во приоритетни области од науката и технологијата. Истовремено, овие лаборатории ќе претставуваат место за соработка помеѓу приватниот сектор, високо-образовните и научни установи, претпријатијата и граѓанските здруженија. Лабораториите за производство кои ќе се воспостават преку овој предизвик ќе бидат лоцирани во рамки на високо-образовните и научно-истражувачките установи, ќе исполнуваат определени просторни и технички услови и ќе претставуваат место за игра, креација и пронаоѓање. Овие лаборатории на младите ќе им овозможат пристап до напредни технологии преку кои тие ќе можат да го материјализираат она што го замислиле, место каде младите ќе учат и создаваат преку поттикнување на нивната иновативност.

Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата претставуваат основа за објавување на Предизвикот за воспоставување на лаборатории за производство FAB LABS **„МЛАДИТЕ СОЗДАВААТ“.**

Согласно член 9 од Законот за контрола на државната помош, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош. Условите и постапката за доделување на помош од мало значење се утврдени во Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Во таа насока, помош од мало значење може да се додели само доколку истата кумулативно ги исполнува условите од член 3 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Исто така, во однос на евидентирањето на помошта, согласно член 8 став (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis), Фондот за иновации и технолошки развој треба да води прецизна евиденција во врска со секоја доделена помош, а особено за износот, примателот, времето, целта и начинот на доделување на помошта и истата треба да ја чуваат 10 години од денот на кој последен пат ја доделиле. За таа цел, а согласно член 8 став (3) од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis), Фондот треба до Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги достави податоците за секоја доделена помош на пополнет образец даден во Прилог кој е составен дел од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Фондот треба да пристапи кон пополнувањето на овој образец откако ќе бидат познати корисниците на помошта, и истиот согласно член 8 став (4) треба да се достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата пред доделувањето на помошта, а доколку тоа не е можно, веднаш штом тоа е можно.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**